# BreastScreen WA

Macedonian

**Screening mammography for women with a family history of breast cancer**

## Мамографски прегледи за жени со семејна историја на рак на дојка



BreastScreen WA е служба која им нуди бесплатни мамографски прегледи (рендгенско снимање на дојките) на жените. Тие претставуваат важна здравствена проверка за жените на возраст од 50 до 69 години, меѓутоа на преглед може да одат и жени на возраст од 40 години. Оваа брошура би требало да одговори некои од прашањата што можеби ги имате во врска со мамографските прегледи ако имате роднина што имал/а рак на дојката.

### Што значи да се има семејна историја на рак на дојка?

- Најмалку еден член од вашето семејство имал/а рак на дојка.
- Кога кај неколку членови од исто семејство е откриена иста болест, природно е да се размисли дали таа болест е последица на некој наследен фактор.
- Ракот на дојката како болест не може да се наследи, меѓутоа може да се наследат дефектните гени кои предизвикуваат рак на дојка. Ако жената има дефектен ген, таа е изложена на поголем ризик, но не е сигурно дека ќе заболи од рак на дојка.
- Во најголем број на случаи, ракот на дојката се јавува само случајно и болеста не ја предизвикуваат генетски фактори. Семејниот рак на дојка се јавува само кај 1-5% од сите случаи на рак на дојката.

### Утешителни факти за жени со семејна историја на рак на дојка

За многу жени, сознанието дека тие имаат семејна историја на рак на дојката претставува причина за загриженост. Меѓутоа, важно да се запамети дека:

- Една од 9 жени во Австралија ќе заболи од рак на дојката во текот на животот.
- Ракот на дојката е честа болест која главно се поврзува со процесот на стареење. Кај голем број на жени, таа се јавува случајно и не е резултат на семејна историја.
- Ако вашата мајка или сестра имаат рак на дојката, тоа не значи дека и вие автоматски ќе заболите од рак на дојката.
- Ако заболите од рак на дојката, тоа не значи дека дефинитивно сте го наследиле дефектниот ген или дека ќе му го пренесете на вашите деца.
- Околу 9 од секои 10 жени кои заболуваат од рак на дојката немаат семејна историја на појава на болеста.

### Вашата семејна историја ќе биде поважна:

- Кога кај повеќе од еден роднина од истата страна на вашето семејство (од страна на мајката или таткото) бил дијагностициран рак на дојката.
- Кога тие роднини биле помлади од 50 години кога болеста била првпат откриена кај нив.
- Кога тие роднини со рак на дојка се во поблиско сродство со вас (сестра наместо братучетка).
- Кога се работи за рак во двете дојки, рак на дојка кај маж/и, или рак на дојка и јајници во семејството.

### Како семејната историја на рак на дојка може да влијае на моето користење на

## услугите на BreastScreen WA?

BreastScreen WA препорачува редовни мамографски прегледи секои две години посебно кај жени на возраст од 50 до 69 години, затоа што истражувањата покажуваат дека овие прегледи се најкорисни за жените во оваа старосна група. Жените на возраст од 40 до 49 години и над 70 години исто така се добредојдени да направат мамографски преглед.

При прегледот, BreastScreen WA ги собира податоците за семејната историја на болеста. Мал број на жени можеби ќе треба да прават мамографски прегледи почесто заради природата на нивната семејна историја.

## Ако имам семејна историја на рак на дојка, на која возраст треба да започнам со прегледи и колку често треба да ги правам?

Жените на возраст над 40 години со значителна семејна историја на рак на дојката имаат право да прават мамографски преглед секоја година ако имаат роднина/и во една од следните категории:

- Првостепен роднина (мајка, сестра, ќерка, татко, син, брат) со дијагностициран рак на дојка пред 50-годишна возраст.
- Првостепен роднина со рак во двете дојки (дијагностициран на било која возраст).
- Два или повеќе првостепени роднини со рак на дојка (дијагностициран на било која возраст).

Жените кои имаат еден првостепен роднина со рак на дојката на возраст над 50 години НЕ се изложени на поголем ризик во однос на просечните жени од заедницата. На овие жени ќе им се понуди да прават мамографски преглед секои две години.

## Што друго треба да правам?

Ако ве загрижува вашата семејна историја на рак на дојката, треба да разговарате со вашиот семеен доктор за вашите поединечни околности. Ако во вашето семејство се дијагностицираат нови случаи на рак на дојката, важно е да ги известите за тоа BreastScreen WA и вашиот доктор од општа пракса.

## Запамтете, бидете свесни за вашите дојки:

- Набљудувајте и допирајте ги вашите дојки за било какви промени кои не се вообичаени за вас.
- Веднаш отидете кај вашиот доктор од општа пракса ако забележете било какви промени на дојката.
- Побарајте од вашиот доктор од општа пракса да ви ги прегледува дојките еднаш годишно.

## Имате прашања?

Персоналот во службата BreastScreen WA со задоволство ќе одговори на било кое од вашите прашања. Ве молиме, телефонирајте на (08) 9323 6700 или за жените кои живеат во внатрешноста телефонскиот број на кој можат да се јават бесплатно е 1800 800 033. TTY-бројот (за лица со оштетен говор или слух) е 1800 241 708.

**Мамографски преглед можете да закажете ако телефонирате на 13 20 50 (по цена на локален телефонски повик)**

Ако ви е потребен бесплатен преведувач, ве молиме прво телефонирајте во Службата за писмено и усмено преведување (Translating and Interpreting Service - TIS) на 13 14 50 и побарајте да ве поврзат со нашата служба за закажување на прегледи на 13 20 50.

Department of Health
GOVERNMENT OF WESTERN AUSTRALIA

BreastScreen WA
WA's only accredited screening service

BreastScreen AUSTRALIA
A joint Australian, State and Territory Government Program

**www.breastscreen.health.wa.gov.au**

© BreastScreen WA, Department of Health

Telephone (08) 9323 6700 Facsimile (08) 9323 6799 TTY 1800 241 708 Bookings 13 20 50

OA004191 OCT'11

Helping Deliver a **Healthy WA**